Врз основа на член 41 од Статутот на Македонска берза АД Скопје и врз основа на член 55, став 1 од Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје, Одборот на директори на Берзата на својата 47 седница одржана на 14.04.2011 година донесе

**ОДЛУКА**

**За измени и дополнувања на Одлуката бр.02-178/1 од 12.02.2010 година за утврдување на ценовни ограничувања (статички лимит) при тргувањето со хартии од вредност на Македонската берза АД Скопје**

1. Во Одлуката бр.02-178/1 од 12.02.2010 година за утврдување на ценовни ограничувања (статички лимит) при тргувањето со хартии од вредност на Македонската берза АД Скопје (во понатамошниот текст: Одлука за статички лимит), после точка 3 се додава нова точка 4 која гласи:
„Одредбите од точка 3 на оваа Одлука се однесуваат на хартија од вредност која за прв пат се внесува за тргување или на хартија од вредност која била суспендирана од тргување најмалку 5 денови на тргување."

2. Во Одлуката за статички лимит се врши соодветна пренумерација на останатите точки.

3. Одлуката да се достави до Комисијата за хартии од вредност, до членките на Берзата и за истата да се информира јавноста.

4. Одлуката стапува во сила веднаш, а ќе се применува наредниот ден по денот на нејзиното донесување.

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Кристијан Поленак**